# ДОДАТОК XII

# ОПИС НА ДРУГИ ПЛАНИРАНИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

**Друштво за рециклирање на хартија и**

**остатоци од хартија „ПЕЈПАР МИЛ“ ДОО Кочани**

**Барање за А - интегрирана еколошка дозвола**

**ДОДАТОК XII**

**ОПИС НА ДРУГИ ПЛАНИРАНИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ**

**СОДРЖИНА**

ДОДАТОК XII ... 1

XII.1. Спречување на несреќи и итно реагирање ... 3

XII.1.1. Правилник за заштита од пожари и експлозии... 3

XII.1.2. Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи ... 5

XII.1.3. План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на “Пејпар Мил” ДОО – Кочани ... 7

ДОДАТОК КОН ПРИЛОГ XII ... 8

Прилог XII.1. План за ПП заштита и План за евакуација од пожари и земјотреси за приземје ... 9

Прилог XII.2. План за ПП заштита и План за евакуација од пожари и земјотреси за првиот кат12

Прилог XII.3. План за ПП заштита и План за евакуација од пожари и земјотреси за вториот кат... 15

Прилог XII.4. План за ПП заштита и План за евакуација од пожари и земјотреси за котларата ... 16

Прилог XII.5. План со противпожарни патишта на објектот ... 17

### XII.1. Спречување на несреќи и итно реагирање

Инсталацијата “Пејпар Мил” иако во своето производство нема штетни хемикалии кои ги користи, има предвидено мерки и активности за итно реагирање и спречување на несреќи кои би настанале во тек на одвивање на производниот процес, како и мерки во случај на опасност од земјотрес, поплава и пожар.

За таа цел инсталацијата “Пејпар Мил” има изработено:

- Правилник за заштита од пожари и експлозии,
- Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи;
- План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи

#### XII.1.1. Правилник за заштита од пожари и експлозии

Со Правилникот се утврдува начинот на остварување на заштита од пожари и експлозии „Пејпар Мил“ ДОО – Кочани како и правата и обврските на вработените во врска со заштитата од пожари и експлозии. Истиот пропишува мерки кои се преземаат со цел да се спречи настанување на пожари и експлозии, неговото ширење и гасење. Мерките се поделени на општи и посебни.

Општите мерки за заштита од пожар и експлозии во компанијата се:

- ❖ обезбедување на сите простории со соодветна техничка опрема и средства за гасење на пожар, во зависност од степенот на опасноста;
- ❖ донесување на проценка и план за заштита од природни непогоди и други несреќи;
- ❖ поставување на видно место на апаратите за гасење на пожар;
- ❖ одржување на средствата за заштита од пожар и експлозии во исправна состојба, како и забрана за нивно користење за други цели;
- ❖ лицето кое ќе забележи пожар, должен е веднаш да алармира за неговото избувнување и да постапи соодветно со другите пропишани мерки за негово локализирање и гасење;
- ❖ електричните апарати и инсталации во сите простории мораат секогаш да бидат исправни и изведени согласно на прописите, а прегледите и поправките можат да ги вршат само стручни лица;
- ❖ противпожарната опрема мора да биде исправна и на одредените места достапна, на видно место така што во случај на избувнување на пожар може да биде употребена за негово гасење;
- ❖ излезите и премините за евакуација на луѓе и имот мораат секогаш да бидат слободни за премин;

- на местата и во просториите во кои е зголемена опасноста од избувнување на пожари и експлозии, на видно место морат да се поставаат натписи и ознаки за забрана на пушење, внесување на отворен оган и експлозиви;
- за време на гасењето на пожарот, дозволен е влез во објектите само на припадниците на професионалната противпожарна единица, вработените за гасење пожар како и други институции задолжени за заштитата и спасувањето;
- доследно спроведување и контрола на спроведувањето на пропишаните мерки за заштита од пожар и експлозии;
- видно означување на хидрантите, доколку ги има.

Посебни мерки се применуваат во просториите каде поради процесот на работењето е зголемена опасноста од избувнување на пожар или експлозија. Мерките забрануваат:

- внесување на отворен оган;
- употреба на електрични грејни тела;
- употреба на печки на цврсти и течни горива;
- пушење;
- внесување на уреди под електричен напон кои поради искрење можат да предизвикаат пожар;
- внесување на експлозивни материи и предмети

Овие простории е потребно да бидат опремени со соодветни противпожарни апарати и средства.

#### XII.1.1.1. Техничка опрема и средства за гасење на пожар

Вработените треба да располагаат со следната опрема за гасење на пожари:

- противпожарни апарати предвидени според Планот за заштита и спасување од пожари и оперативно тактички мерки за евакуација;
- хидранти,доколку ги има, да бидат опремени со црева и млазници;
- друга опрема погодна за гасење на пожар

Составен дел од Правилникот за заштита од пожари и експлозии е и Проценката и Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Со Правилникот за заштита од пожари и експлозии се пропишани и обврските и одговорностите на вработените од оваа област.

#### XII.1.1.2. Одговорности и обврски на вработените

Главните обврски на вработените во инсталацијата се:

- да се придржуваат до сите прописи во врска со заштитата од пожар и до одредбите на овој правилник;
- да бидат запознаени со општите начела за заштита од пожар и експлозии, гасење на пожар и употреба на противпожарни апарати и други средства;
- да учествуваат во организационата обука за заштита од пожар и експлозии;
- да бидат запознаени со своите задачи од доменот на заштитата од пожар и експлозии;
- да не собираат лесно запалив материјал на работните места;
- веднаш да пријават на непосредните раководители за секое настанато расипување и откажување на машините, уредите, електроинсталацијата и на другите средства, а што можат да предизвикаат пожар;
- да не пушат на местата каде што има забрана;
- да учествуваат во гасењето на пожар;
- да се грижат за средствата и апаратите за гасење на пожар секогаш да бидат на своите места;
- по завршувањето на работното време да ги отстранат од своето работно место и поблиската околина сите опасности кои би можеле да предизвикаат пожар и експлозија и за таа цел треба да ги исклучат сите електрични уреди, да го изгаснат огнот, осветлувањето и др.

### XII.1.2. Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи

Овој документ ја прикажува проценката на загрозеност на инсталацијата “Пејпар Мил” од природни непогоди и други несреќи.

Потенцијалната можност за поплавување на објектот на “Пејпар Мил” е од поројни врнежи со голем интензитет и подолго времетраење и од евентуално пукање на водоводната и канализационата инсталација која се наоѓа во објектите или на градската водоводна мрежа во делот непосредно до објектите.

Имајќи ја во предвид дејноста на фирмата, постои можност од пожари бидејќи има големи количества на отпадна хартија која е запаллива така да треба претпазливост при работењето со неа.

Опасноста од луњи, громови е присутна. Објекти се со цврста градба и во нивна непосредна близина нема високорастечки дрва така да појавата на луњи нема да ги загрозат објектите.

Од присутната опасност од громови објектите се заштитени со громобранска заштита. Согласно законските прописи треба да се проверува функционалноста и исправноста на громобранската инсталација од овластени фирми.

Екстерно загрозување од пожар на објектот на “Пејпар Мил” можно е само од соседниот објект кој е изграден во непосредна близина на фирмата, бидејќи од двете страни не граничи со други објекти, а од едната страна е широка асфалтирана улица. Како екстерно загрозување постои и од евентуална хаварија (пожар или експлозија) од моторно возило кое поминува (или е паркирано) во непосредна близина на предметниот објект.

Заштитата од пожари во “Пејпар Мил” се спроведува со примена на:

- технички мерки за заштита од пожари;
- општи мерки за заштита од пожари.

Мерките за заштита и спасување од поплави опфаќаат повремено чистење на олуците на кровот на објектот и проверка на покривот и санација на евентуални оштетувања на покривните табли. Патеките на движење на атмосферската вода потребно е редовно да се чистат и одржуваат за да не дојде, поради различни препреки, излевање на атмосферската вода во објектот.

Мерка за спасување од урнатини опфаќа запознавање на вработените со опасностите кои може да ја загрозат нивната безбедност, а со тоа и да бидат спремни самите да се спасат како и останатите вработени и затекнати лица во фирмата, и да бидат обучени за организирање на ефикасната евакуација, давање на прва помош и практична употреба на средствата за заштита и спасување.

По завршување на опасноста се превземаат мерки за пронаоѓање на лица затрупани во урнатината, спасување на затрупаните и извлекување надвор од зоната на урнатините и укажување на прва медицинска помош. Да се направи осигурување на оштетените и поместените делови од конструкцијата за да се спречи понатамошно уривање.

### XII.1.2.1. Мерка за прва медицинска помош

За спроведување на прва медицинска помош од вработените во “Пејпар Мил” формирана е единица која е обучена за давање на прва помош и како да постапува понатаму со повредените лица. Во фирмата има поставено ормари (сандачиња) за давање на прва помош, кои се опремени со потребните средства за давање прва помош.

#### XII.1.2.2. Мерка за евакуација

Спроведувањето на евакуацијата претставува превземање на дефинирани мерки и активности, кои се утврдени со планот за заштита и спасување.

Мерка за засолнување, компанијата нема сопствено засолниште и по мерката засолнување ќе се придржува според Општинскиот план за засолнување.

### XII.1.3. План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на "Пејпар Мил" ДОО – Кочани

Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи содржи оценка на: загрозеност од земјотреси и уривање, загрозеност од поплави, загрозеност од пожари и експлозии, опасност од настанување на пожари и експлозии, начин на предизвикување на пожари, причини за настанување на пожари и експлозии, пожарно оптоварување, класа на опасност, категорија на загрозеност и степен на отпорност на пожари во објектот, мерки за заштита од пожари и План за евакуација.

# ДОДАТОК КОН ПРИЛОГ XII

**Прилог XII.1. План за ПП заштита и План за евакуација од пожари и земјотреси за приземје**

## "ПЕЈПАР МИЛ" ДОО - ПРИЗЕМЈЕ ОД ОБЈЕКТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ХАРТИЈА ВО КОЧАНИ




| Цртеж број | Назив |
|---|---|
| ПМ - 01 | План за ПП заштита и евакуација од пожари |

# "ПЕЈПАР МИЛ" ДОО - ДЕЛ 1 ОД ПРИЗЕМЈЕ ОД ОБЈЕКТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ХАРТИЈА ВО КОЧАНИ




## ЛЕГЕНДА :

- ПРАВЕЦ НА ЕВАКУАЦИЈА
- СОБИРНО МЕСТО
- ПП АПАРАТ
- ПП ХИДРАНТ
- РАЧЕН ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР
- АВТОМАТСКИ ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР
- ПАНИЧНО СВЕТЛО
- РАЗВОДНА ТАБЛА

## ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА

Во случај на пожар:

- Обиди се да го изгаснеш пожарот;
- Вклучи го рачниот јавувач на пожар;
- Доколку не можеш да го изгасеш јави се на телефон 193;
- Помогни во евакуацијата на луѓе и материјални добра;
- Следи ги упатствата од одговорното лице за евакуација;
- Не гаси со вода жариште кое е под напон на електрична енергија;
- Не паничи.

Во случај на земјотрес:

- Засолни се под носечки столб, рамка на врата или биро;
- Помогни во евакуацијата на повредени лица;
- Следи ги упатствата од одговорното лице за евакуација;
- Не паничи.

| Цртеж број | Назив |
|---|---|
| ПМ - 02 | План за ПП заштита и евакуација од пожари |

# "ПЕЈПАР МИЛ" ДОО - ДЕЛ 2 ОД ПРИЗЕМЈЕ ОД ОБЈЕКТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ХАРТИЈА ВО КОЧАНИ




## ЛЕГЕНДА :

- ПРАВЕЦ НА ЕВАКУАЦИЈА
- СОБИРНО МЕСТО
- ПП АПАРАТ
- ПП ХИДРАНТ
- РАЧЕН ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР
- АВТОМАТСКИ ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР
- ПАНИЧНО СВЕТЛО
- РАЗВОДНА ТАБЛА

## ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА

Во случај на пожар:

- Обиди се да го изгаснеш пожарот;
- Вклучи го рачниот јавувач на пожар;
- Доколку не можеш да го изгасеш јави се на телефон 193;
- Помогни во евакуацијата на луѓе и материјални добра;
- Следи ги упатствата од одговорното лице за евакуација;
- Не гаси со вода жариште кое е под напон на електрична енергија;
- Не паничи.

Во случај на земјотрес:

- Засолни се под носечки столб, рамка на врата или биро;
- Помогни во евакуацијата на повредени лица;
- Следи ги упатствата од одговорното лице за евакуација;
- Не паничи.

| Цртеж број | Назив |
|---|---|
| ПМ - 03 | План за ПП заштита и евакуација од пожари |

**Прилог XII.2. План за ПП заштита и План за евакуација од пожари и земјотреси за првиот кат**

## "ПЕЈПАР МИЛ" ДОО - ПРВИ КАТ ОД ОБЈЕКТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ХАРТИЈА ВО КОЧАНИ




| Цртеж број | Назив |
|---|---|
| ПМ - 05 | План за ПП заштита и евакуација од пожари |

# "ПЕЈПАР МИЛ" ДОО - ДЕЛ 1 ОД ПРВИ КАТ ОД ОБЈЕКТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ХАРТИЈА ВО КОЧАНИ




**ЛЕГЕНДА :**

- ПРАВЕЦ НА ЕВАКУАЦИЈА
- СОБИРНО МЕСТО
- ПП АПАРАТ
- ПП ХИДРАНТ
- РАЧЕН ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР
- АВТОМАТСКИ ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР
- ПАНИЧНО СВЕТЛО
- РАЗВОДНА ТАБЛА

## ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА

Во случај на пожар:
- Обиди се да го изгаснеш пожарот;
- Вклучи го рачниот јавувач на пожар;
- Доколку не можеш да го изгасеш јави се на телефон 193;
- Помогни во евакуацијата на луѓе и материјални добра;
- Следи ги упатствата од одговорното лице за евакуација;
- Не гаси со вода жариште кое е под напон на електрична енергија;
- Не паничи.

Во случај на земјотрес:
- Засолни се под носечки столб, рамка на врата или биро;
- Помогни во евакуацијата на повредени лица;
- Следи ги упатствата од одговорното лице за евакуација;
- Не паничи.

| Цртеж број | Назив |
|---|---|
| ПМ - 06 | План за ПП заштита и евакуација од пожари |

Paper Mill Kochani

# "ПЕЈПАР МИЛ" ДОО - ДЕЛ 2 ОД ПРВИ КАТ ОД ОБЈЕКТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ХАРТИЈА ВО КОЧАНИ

## ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА

Во случај на пожар:

- Обиди се да го изгаснеш пожарот;
- Вклучи го рачниот јавувач на пожар;
- Доколку не можеш да го изгасеш јави се на телефон 193;
- Помогни во евакуацијата на луѓе и материјални добра;
- Следи ги упатствата од одговорното лице за евакуација;
- Не гаси со вода жариште кое е под напон на електрична енергија;
- Не паничи.

Во случај на земјотрес:

- Засолни се под носечки столб, рамка на врата или биро;
- Помогни во евакуацијата на повредени лица;
- Следи ги упатствата од одговорното лице за евакуација;
- Не паничи.




### ЛЕГЕНДА :

- ПРАВЕЦ НА ЕВАКУАЦИЈА
- СОБИРНО МЕСТО
- ПП АПАРАТ
- ПП ХИДРАНТ
- РАЧЕН ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР
- АВТОМАТСКИ ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР
- ПАНИЧНО СВЕТЛО
- РАЗВОДНА ТАБЛА

| Цртеж број | Назив |
|---|---|
| ПМ - 07 | План за ПП заштита и евакуација од пожари |

**Прилог XII.3. План за ПП заштита и План за евакуација од пожари и земјотреси за вториот кат**

# "ПЕЈПАР МИЛ" ДОО - ВТОРИ КАТ ОД ОБЈЕКТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ХАРТИЈА ВО КОЧАНИ




## ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА

Во случај на пожар:
- Обиди се да го изгаснеш пожарот;
- Вклучи го рачниот јавувач на пожар;
- Доколку не можеш да го изгасеш јави се на телефон 193;
- Помогни во евакуацијата на луѓе и материјални добра;
- Следи ги упатствата од одговорното лице за евакуација;
- Не гаси со вода жариште кое е под напон на електрична енергија;
- Не паничи.

Во случај на земјотрес:
- Засолни се под носечки столб, рамка на врата или биро;
- Помогни во евакуацијата на повредени лица;
- Следи ги упатствата од одговорното лице за евакуација;
- Не паничи.

### ЛЕГЕНДА :

- ПРАВЕЦ НА ЕВАКУАЦИЈА
- СОБИРНО МЕСТО
- ПП АПАРАТ
- ПП ХИДРАНТ
- РАЧЕН ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР
- АВТОМАТСКИ ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР
- ПАНИЧНО СВЕТЛО
- РАЗВОДНА ТАБЛА

| Цртеж број | Назив |
|---|---|
| ПМ - 08 | План за ПП заштита и евакуација од пожари |

**Прилог XII.4. План за ПП заштита и План за евакуација од пожари и земјотреси за котларата**

# "ПЕЈПАР МИЛ" ДОО - ОБЈЕКТ КОТЛАРА ВО КОЧАНИ




## ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА

Во случај на пожар:
- Обиди се да го изгаснеш пожарот;
- Вклучи го рачниот јавувач на пожар;
- Доколку не можеш да го изгасеш јави се на телефон 193;
- Помогни во евакуацијата на луѓе и материјални добра;
- Следи ги упатствата од одговорното лице за евакуација;
- Не гаси со вода жариште кое е под напон на електрична енергија;
- Не паничи.

Во случај на земјотрес:
- Засолни се под носечки столб, рамка на врата или биро;
- Помогни во евакуацијата на повредени лица;
- Следи ги упатствата од одговорното лице за евакуација;
- Не паничи.

### ЛЕГЕНДА :

- ПРАВЕЦ НА ЕВАКУАЦИЈА
- СОБИРНО МЕСТО
- ПП АПАРАТ
- ПП ХИДРАНТ
- РАЧЕН ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР
- АВТОМАТСКИ ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР
- ПАНИЧНО СВЕТЛО
- РАЗВОДНА ТАБЛА

| Цртеж број | Назив |
|---|---|
| ПМ - 09 | План за ПП заштита и евакуација од пожари |

**Прилог XII.5. План со противпожарни патишта на објектот**




| Цртеж број | Назив |
|---|---|
| ПМ - 10 | План со ПРОТИВПОЖАРНИ ПАТИШТА на објектот |